Ние во Алма-М веќе 30 години сериозно ги проучуваме и подготвено ги пречекуваме сите промени и новости кои доаѓаат, преку развој, дејствување и трансформација на бизнисот, носејќи нови квалитети за нашите клиенти. Посветуваме посебно внимание на развој на човечките ресурси. Привлекуваме, развиваме и задржуваме најдобри професионалци и наградуваме за нивните резултати.

**Алма – М ДООЕЛ**
Качанички пат бр.65а, Скопје
www.alma-m.mk
е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.mk

објавува **ОГЛАС** за следната работна

| | |
|---|---|
| позиција: | **ФИНАНСОВ МЕНАЏЕР** |
| датум на објава: | 18 Февруари 2022 |
| рок за пријавување до | 6 Март 2022 |
| број на оглас: | О-220218-АД-ФМ |
| сектор: | Финансии |

Алма-М во моментов е во потрага по високо мотивирана личност која би се придружила на нашиот менаџмент тим, личност која ќе обезбеди постојан раст и развој на тимот со кој ќе раководи. Доколку размислувате за вашиот следен голем потег, оваа можност ќе ви обезбеди да ги постигнете Вашите аспирации.

**Клучни одговорности:**

- Финансиски насоки и советување на менаџментот за реализирање на бизнис цели на компанија,
- Се грижи деловните стратегии да се идентификуваат и да се извршуваат низ финансиски процеси, како и да иницира, развива и води проекти за поддршка на стратешки приоритети на компанијата од аспект на финансии,
- Финансиска евалуација на сите поголеми бизнис одлуки,
- Финансиска контрола на бизнис процеси и процеси за менаџирање на ризици,
- Изготвување на финансиски извештаи според соодветни сметководствени стандарди и компанискиот систем на известување, навремено и на најпрофесионален начин
- Спроведување на даночна политика на компанијата согласно законските правилници и навремено пријавување на сите видови даноци,
- Менаџирање и развивање на тим со високи перформанси, преку постојан развој на ангажман, способност и талент на вработените во секторот.

**Потребни квалификации и вештини**:

- Минимум завршено високо образование,
- Одлично познавање на сметководство,
- Сертификат за овластен сметководител
- Многу добро познавање и работа на Мајкрософт Ексел,
- Добри организациски и менторски вештини,
- Одлично активно познавање на англиски јазик,
- Одлична комуникација и професионално однесување,
- Динамична, проактивна и стабилна личност насочена кон резултати,
- Ефикасно управување со време,
- Позитивен однос кон промени,

**Потребно искуство**:

- Минимум 3 години претходно работно искуство на менаџерска позиција.

Сите што ги поседуваат горенаведените квалификации и вештини **СЕ ПОКАНЕТИ ДА АПЛИЦИРААТ со** нивната професионална биографија која може да ја достават на следната е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.mk со **задолжителна назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката**.

**Напомена:**

- Работниот однос се заснова на определено време од 6 месеци, период на докажување на способности, со можност за продолжување.
- **САМО** апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.
- Апликациите **без назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката, НЕМА** да бидат разгледани!
- Дневно работно време е претпладне, од 08.00 до 16.00 часот, од понеделник до петок.
- Рок во кој ќе се изврши изборот – доколку на огласот се пријават до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.

- Со поднесување на Вашата апликација за вработување (CV), потврдувате дека сте согласни Вашите лични податоци да бидат чувани во база и обработувани за намена за сегашно или идно вработување од страна на АЛМА-М ДООЕЛ Скопје или од трето лице ангажирано за таа цел согласно Закон. Доколку не сте согласни, Ве молиме тоа да го наведете во апликацијата.
- Ве молиме без телефонски јавувања

*АЛМА-М ДООЕЛ Скопје е секогаш отворена за соработка со кандидати кои се вредни ентузијасти и сакаат да работат со тим кој секогаш е спремен за нови предизвици во иновативна и динамична околина.*